Приватна здравствена установа-Поликлиника со ординации од примарната здравствена заштита и биохемиска лабораторија - Скопје
МЕДИКА
Бр. 0502/423
26.05 2022 год.

– Сектор за правни работи–

Архивски број: 03-6226/1
Датум:
23-05-2022

ДОГОВОР
за доделување на договор за јавна набавка на услуга - систематски здравствен преглед на вработените во Министерството за финансии

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2.ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА-ПОЛИКЛИНИКА СО ОРДИНАЦИИ ОД ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И БИОХЕМИСКА ЛАБОРАТОРИЈА „МЕДИКА" СКОПЈЕ, со седиште на ул.„Јордан Мијалков" бр. 62, 1000 Скопје, претставувано од Емил Угриновски, директор, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на услуга - систематски здравствен преглед на вработените во Министерството за финансии, по спроведена поедноставена отворена постапка, по оглас број 04194/2022.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации (Прилог 1 кон договорот).

Член 2

Систематскиот здравствен преглед што носителот на набавката треба да го изврши на лицата што се вработени кај договорниот орган опфаќаат задолжителен здравствен преглед (Табела 1) и дополнителен здравствен преглед по избор на вработените (Табела 2):

| Табела 1 | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| РБ | **Систематски здравствен преглед (задолжителен преглед)** |
| 1 | Стандарден минимум |

| Табела 2 | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| РБ | Дополнителен здравствен преглед (по избор на вработениот) |
| 1 | Ехо на абдомен |
| 2 | Ехо на дојка |
| 3 | Ехо на тироидна жлезда |
| 4 | Мамографија на дојка |
| 5 | Испитување со тумор маркер за простата (мажи) |
| 6 | Испитување со тумор маркер за дебело црево (жени мажи) |

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Единичните цени за здравствените прегледи од член 2 на овој договор се дадени во прилогот кон договорот кој е негов составен дел (Прилог 2 кон договорот).

Единичните цени се фиксни и непроменливи и ги опфаќаат сите трошоци што ги има носителот на набавката.

### Член 4

Вкупната максимална вредност на договорот, изнесува 690.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Договорниот орган нема обврска да го реализира целиот износ од став 1 на овој член.

За систематски здравствени прегледи не се пресметува данок на додадена вредност согласно Законот за додадена вредност.

## IV. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 7

Систематскиот здравствен преглед за вработените во Министерството за финансии ќе се изврши во временски период од 3 (три) месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

### Член 8

Систематскиот здравствен преглед за вработените во Министерството за финансии ќе се изврши во понудената здравствена станица на адреса: ул. „Јордан Мијалков“ бр.62, Скопје.

Сите здравствени прегледи и испитувања од член 2 на овој договор ќе се извршат со едно доаѓање на работникот во здравствената станица од став 1 на овој член.

Договорниот орган нема обврска да ги реализира сите предвидени здравствени прегледи, со што носителот на набавката ќе ги наплати само извршените здравствени прегледи.

## V. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 9

Плаќањето ќе се врши врз основа на доставена фактура со која ќе се фактурираат единствено извршените здравствени прегледи, а според единичните цени за секој здравствен преглед.

Во фактурата треба да има податок за вкупниот број на извршени прегледи по видови здравствени прегледи, единични цени и вкупна цена, а во прилог список на вработените на кои им се извршени здравствените прегледи содржани во фактурата.

Носителот на набавката може да фактурира само за извршени прегледи на вработените и за кои има завршен извештај и оцена за работоспособноста.

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето за извршените прегледи во рок од 30 (триесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата во својата писарница.

Доколку фактурата што е доставена за плаќање не ги содржи сите барани податоци и документи, договорниот орган ќе му ја врати на носителот на набавката на дооформување или докомплетирање.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 10

Носителот на набавката се обврзува дека систематскиот здравствен преглед ќе го извршува според светските здравствени стандарди за квалитет, односно дека ќе бидат во согласност со квалитетот, стандардите и другите податоци наведени во понудата и во прилогот кон договорот.

### Член 11

Носителот на набавката е должен услугата предмет на овој договор да ја врши совесно, навремено и квалитетно и според упатствата за лекарска етика.

### Член 12

Носителот на набавката е должен, врз основа на извршените лекарски прегледи, за секој вработен да издаде извештај и завршно мислење и оцена за работоспособноста.

Извештајот и завршното мислење со оцена за работоспособноста за сите вработени што извршиле систематски прегледи, носителот на набавката е должен да ги достави до договорниот орган.

### Член 13

Носителот на набавката е должен на секој вработен што извршил систематски преглед, резултатите од извршените прегледи да му ги предаде лично без можност друго лице да има пристап до нив.

### Член 14

Носителот на набавката се обврзува дека ќе определи термини во кои ќе ги прима вработените на договорниот орган така што секој вработен со едно доаѓање во здравствената станица да ги заврши сите прегледи и испитувања од член 2 на овој договор.

### Член 15

Динамиката на прегледи е 20 луѓе дневно или 100 луѓе неделно во зависност од видот на прегледите.

Член 16

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност и нема да ги направи достапни за трети лица податоците што произлегуваат од дадената услуга.

VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член17

Договорниот орган се обврзува по потпишувањето на договорот да достави до носителот на набавката список на вработените во Министерството за финансии што треба да извршат систематски преглед со распоред на вработените за систематските прегледи според динамиката од член 15 на овој договор.

Член 18

Договорниот орган ќе определи лица кои ќе го следат извршувањето на утврдениот динамичен план од двете договорни страни.

VIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 19

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на договорните страни.

Член 20

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 21

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот кој бил даден од договорниот орган, договорниот орган може да го раскине договорот.

Член 22

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

– Сектор за правни работи–

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување анекс на договор во согласност со Законот за јавните набавки.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 24

Договорот има важност со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 25

Сите спорови кои ќе настанат во текот на спроведувањето на договорот, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 26

За сè што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 27

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 28

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија<br>Министерство за финансии<br>Скопје | Приватна здравствена установа-поликлиника со ординации од примарната здравствена заштита и биохемиска лабораторија „МЕДИКА“<br>Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi<br>Министер за финансии | Емил Угриновски<br>Директор |

Изработил: Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновск

Согласен: д-р Јелена Таст



Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 631
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19
издание 4

ПРИЛОГ 1

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Согласно законските прописи за безбедност и здравје при работа, Министерството за финансии, како договорен орган, спроведува поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуга – систематски здравствен преглед во текот на која ќе се избере здравствена установа во која ќе се изврши систематскиот здравствен преглед на вработените во Министерството за финансии.

Заради заштита и унапредување на здравјето и зачувување на работната способност, покрај стандардниот минимум, Министерството за финансии предвидува и други дополнителни здравствени прегледи кои ќе се вршат по избор на вработените.

Економскиот оператор во својата понуда треба да понуди единични цени за сите предвидени здравствени прегледи (стандарден минимум и дополнителните прегледи).

Економскиот оператор што поднесува понуда задолжително треба да го исполнува условот сите предвидени здравствени прегледи да можат да се извршат во една здравствена станица на територијата на градот Скопје. Здравствената станица треба да е технички опремена за извршување на сите предвидени прегледи. Исто така, економскиот оператор треба да обезбеди вработените да бидат прегледани од лекари - специјалисти за наведените области.

Здравствените прегледи кај избраниот најповолен понудувач со кого ќе се склучи договор ќе се извршат врз основа на дневни распореди што заеднички ќе ги договорат договорниот орган и носителот на набавката. Во случај на спреченост одделни вработени лица да ги извршат прегледите во определените термини, треба да им се овозможи прегледите да ги извршат дополнително во други термини но во рамките на важењето на договорот.

Во понудата економскиот оператор треба да даде податок колку вработени можат да ги извршат сите прегледи во еден ден.

Економскиот оператор за секој вработен кој ќе го изврши здравствениот преглед, ќе го наплати задолжителниот пакет на здравствени прегледи - стандарден минимум, додека од дополнителниот пакет ќе фактурира онолку прегледи колку што се направени сметајќи ги единичните цени за секој здравствен преглед одделно.

Договорниот орган нема обврска да ги реализира сите максимално претпоставени здравствени прегледи, со што Економскиот оператор ќе ги наплати само извршените здравствени прегледи.

Ориентациониот број на вработени изнесува 676 со тоа што ориентационата број на мажи изнесува 260 а на жени 416.

Видови здравствени прегледи што треба да се извршат за вработените на договорниот орган, се дадени во следниов преглед:

| Табела 1 | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| РБ | **Систематски здравствен преглед (задолжителен преглед)** |
| 1 | Стандарден минимум |

| | Табела 2 |
|---|---|
| | 2 |
| | **Дополнителен здравствен преглед**<br>(по избор на вработениот). |
| РБ | **Дополнителен здравствен преглед**<br>**(по избор на вработениот)** |
| 1 | Ехо на абдомен |

| | |
|---|---|
| | |
| 2 | **Ехо на дојка** |
| 3 | **Ехо на тироидна жлезда** |
| 4 | Мамографија на дојка |
| 5 | Испитување со тумор маркер за простата (мажи) |
| 6 | Испитување со тумор маркер за дебело црево (жени мажи) |

<u>Извештај и конечно мислење за извршен систематски здравствен преглед</u>

Извештајот за извршениот систематски преглед на вработениот се издава од страна на доктор, специјалист по медицина на трудот, од овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот. Образецот на Извештајот е даден во прилог број 4 како составен дел на Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените ("Службен весник на РМ" бр. 60/13).

Извештајот се пополнува од страна на докторот специјалист по медицина на трудот во три примерока, од кои од страна на овластената здравствена установа по еден примерок се доставува до работодавачот и вработениот, најдоцна 15 (петнаесет) дена од денот на извршениот здравствен преглед.

ПРИЛОГ 2 КОН ДОГОВОРОТ

Листа со цени за систематски здравствен преглед на вработените во Министерството за финансии

1. Стандарден минимум

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| РБ | Систематски здравствен преглед (задолжителен за вработениот) | количина | Единична цена без ДДВ |
| 1 | Стандарден минимум | 1 | 800,00 денари |

*- Цената на вршење на услугите на стандардниот минимум за систематски преглед согласно прилог 6 од Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствени прегледи на вработените (Сл. Весник на РМ бр. 60/2013) е фиксна и изнесува 800,00 денари.*

2. **Дополнителен здравствен преглед по избор на вработените**

| Табела 2 | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| РБ | **Дополнителен здравствен преглед по избор на вработените** | количина | Единична цена без ДДВ |
| 1 | Ехо на абдомен | 1 | 250,00 денари |
| 2 | Ехо на дојка | 1 | 250,00 денари |
| 3 | Ехо на тироидна жлезда | 1 | 250,00 денари |
| 4 | Мамографија на дојка | 1 | 350,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Испитување со тумор маркер за простата (мажи) | 1 | 350,00 денари |
| 6 | Испитување со тумор маркер за дебело црево (жени мажи) | 1 | 350,00 денари |